Конто: 1207, ОБЛОГ ОД КОМУНАЛНА ТАКСА- ФИРМАРИНИ

| Бр. | Партнери | Должи | Побарува | САЛДО | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ОБЛОГ ОД КОМУНАЛНА ТАКСА - ФИРМАРИНИ (0253) | 84.597.014,50 | 12.629.732,00 | 71.967.282,50 | 0,00 |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **84.597.014,50** | **12.629.732,00** | **71.967.282,50** | **0,00** |
| | | | | **71.967.282,50** | **0,00** |

По основ на облог за користење на простор пред деловна просторија Општина Прилеп нема побарувања,односно успеала да го наплати облогот за 2010 година во целост што може да се констатира од Спецификацијата :

**Спецификација**

**(За Сите ставки)**

**Период:**

1 Јануари 2010 - 31 Декември 2010

**Тип сметка: Буџетска сметка //**

Конто: 1208, ОБЛОГ ЗА КОР.ПРОСТ.ПРЕД ДЕЛОВ.ПРОСТОР

| Бр. | Партнери | Должи | Побарува | САЛДО | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ОБЛОГ ЗА КОРИСТЕЊЕ ПРОС.ПРЕД ДЕЛОВ.ПРОСТОР (0254) | 3.032.017,00 | 3.032.017,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **3.032.017,00** | **3.032.017,00** | **0,00** | **0,00** |
| | | | | **0,00** | **0,00** |

По основ на облог за користење на музика во јавни локали Општина Прилеп има побарувања во износ од 924.250,00 денари. Овие побарувања се наплатливи и истите ќе се приходуваат во 20111 г.

**Спецификација**

**(За Сите ставки)**

**Период:**

1 Јануари 2010 - 31 Декември 2010

**Тип сметка: Буџетска сметка //**

Конто: 1209, ОБЛОГ ЗА КОРИС.НА МУЗИКА ВО ЈАВНИ ЛОКАЛИ

| Бр. | Партнери | Должи | Побарува | САЛДО | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ОБЛОГ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА МУЗИКА ВО ЈАВ. ЛОКАЛИ (0255) | 1.214.750,00 | 290.500,00 | 924.250,00 | 0,00 |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **1.214.750,00** | **290.500,00** | **924.250,00** | **0,00** |
| | | | | **924.250,00** | **0,00** |

## 3. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите за делегирани надлежности

## I СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

Во тековната 2010 година во Секторот Инспекторат се извршуваа следните активности:

### 1.Комунална Инспекција и комунални редари

| Ред.бр. | Име на акт | Број на акти |
|---|---|---|
| 1 | Записници | 326 |
| 2 | Решенија | 152 |
| 3 | Вкупно барања од граѓани | 212 |
| 4 | Примени жалби | 11 |
| 5 | Доставени известувања до граѓани | 13 |
| 6 | Поднесени барања за прекршочни пријави | 138 |
| 7 | Поднесени платни налози (Мандатни казни) | 308 |
| 8 | Поднесени записници за констатација (Мандатни казни) | 312 |
| 9 | Мандатни казни платени | 21 |
| 10 | Потврда за одработена општо корисна работа | 12 |
| 11 | Потврда за одземени предмети | 5 |
| 12 | Потврда за вратени предмети | 3 |
| 13 | Предмети - Реклами | 263 |
| 14 | Отстранување на скелиња за тутун | 274 |
| 15 | Поднесени прекршочни до основен суд Прилеп по Одлуката за Комунален ред и мерки | 10 |

### 2.Инспекција за животна средина

| Ред.бр. | Име на акт | Број на акти |
|---|---|---|
| 1. | Изготвени записници за констатација | 104 |
| 2. | Изготвени решенија | 84 |
| 3. | Известувања | 50 |
| 4. | Барања | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Заклучоци | 10 |
| 6. | Одговори на барања | 2 |
| 7. | Барања од граѓани | 12 |
| 8. | Барања за елаборати за заштита на животна средина | 40 |
| 9. | Барања за Б интегрирана еколошка дозвола | 4 |
| 10. | Други известувања и информации | 85 |

## 3.Сообраќајна Инспекција

| Ред.бр. | Име на акт | Број на акти |
|---|---|---|
| 1. | Извршен надзор и составени записници | 234 |
| 2. | Донесени решенија за забрана и отстранување на недостатоци | 16 |
| 3. | Поднесени барања за поведување прекршочна постапка | 25 |
| 4. | Исклучување од сообраќај со одземање на сообраќајна дозвола | 190 |
| 5. | Поднесени барања за доставување податоци од Основен суд Прилеп | 9 |
| 6. | Добиени пресуди | 57 |
| 7. | Поднесени жалби до Апелационен суд | 3 |
| 8. | Други барања и известија | 1 |

## 4.Градежна Инспекција

| ред.бр. | Име на донесениот акт | број на донесени акти |
|---|---|---|
| 1. | Записници за увид на лице место | 1 |
| 2. | Записници за констатација | 180 |
| 3. | Решенија за отстранување на објекти | 68 |
| 4. | Решенија за прекинување на градење | 1 |
| 5. | Заклучоци за дозвола на извршување | 59 |
| 6. | Заклучоци за запирање на постапка | 18 |
| 7. | Контрола од државна градежна инспекција | 1 |
| 8. | Извршени срушувања | 22 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Примени и доставени жалби до второстепен орган | 8 |
| 10. | Примени и доставени решенија-одговори до странките на жалби од второстепен орган | 6 |
| 11. | Примени и одговорени барања од Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, МТВ и од Влада на РМ | 23 |
| 12. | Примени барања и доставени акти во предмети по тужби на второстепени решенија до Управен суд | 2 |
| 13. | Примени барања и достевни одгвори до Народен правобранител, јавен обвинител, МВР, Основен суд и сл. | 6 |
| 14. | Изработени и доставени известувања до странки и други лица | 47 |
| 15. | Контролирани постапки на одобренија за градење | 103 |
| 16. | Препратени предемти до други органи | 4 |
| 17. | Вкупно поднесени барања - пријави | 56 |
| 18. | Постапено по службена должност | 28 |
| 19. | Изготвување на известувања за достава на управни акти до странките | 26 |
| 20. | Евидентирани увиди на терен према дневник на градежната инспекција | 282 |

## 5.Даночна Инспекција

| Ред.бр. | Име на акт | Број на акти |
|---|---|---|
| 1. | Записници за нови подружници за ком. такса | 142 |
| 2. | Записници за уплатена фирмарина | 55 |
| 3, | Записници за констатирана промена на адреса | 11 |
| 4, | Записници за констатирано користење на простор пред деловни простории | 5 |
| 5, | Решенија по записник за фирмарина | 22 |
| 6, | Записници за користење на музика во јавни локали | 11 |
| 7, | Записници за такса за привремен престој | 9 |
| 8, | Записници за откупни пунктови за тутун | 4 |

## 6.Урбанистичка Инспекција

| Ред.бр. | Име на акт | Број на акти |
|---|---|---|
| 1. | Записници од редовен инспекциски надзор | 20 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Записници од контролен инспекциски надзор | 2 |
| 3. | Решенија | |
| 4. | Заклучоци | |
| 5. | Други преписки и известувања | 12 |

# II СЕКТОР ЗА ПРАВНИ, ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ОПШТИ РАБОТИ

## Годишен извештај за работата на училиштата во Општина Прилеп

Во надлежност на Општина Прилеп има 16 училишта,од кои 11 се основни и 5 средни училишта со вкупно 31 објект. Основни училишта се: Кире Гаврилоски-Јане, Рампо Левката, Кочо Рацин, Гоце Делчев, Климент Охридски, Блаже Конески, Добре Јованоски, Круме Волнароски-с.Тополчани, Кирил и Методиј-с.Канатларци, Страшо Пинџур-с.Мало Коњари и основното музичко училиште Ордан Михајлоски-Оцка. Во основните училишта во нашата општина од прво до осмо одделение учат 7385 ученици, од кои 7023 во основните училишта и 362 ученици во музичкото училиште.Од овие бројки се гледа дека бројот на ученици постојано се намалува, причината е иста како и за најголемиот дел од општините во Република Македонија а тоа е намалениот природен прираст на населението, тука да напоменеме дека постојано имаме зголемување на бројот на ученици во музичкото училиште што е показател кој е директно поврзан со работата на самото училиште и соработката со ЕЛС. Средни училишта се: СОУ Гимназија "Мирче Ацев", СОУ"Орде Чопела", СОЕПТУ"Кузман Јосифоски-Питу", СОУ"Ристе Ристески-Ричко" и СОУ"Ѓорче Петров". Во средните училишта учат вкупно 4074 ученици, каде исто како и во основните училишта, споредено со минатата учебна година имаме помалку ученици. Кога сме кај средните училишта да напоменеме дека согласно законот за задолжително средно образование и заедничките активности со МОН и училиштата, од вкупно 827 осмоодделенци во училиштата се запишаа 816 ученици односно повеќе од 98,7% од учениците. Во претходната учебна година немаше нови профили за запишување во прва година средно образование, додека за наредната учебна година доколку се добие одобрение од МОН имаме доставено предлози за нови профили и тоа профилот "физиотерапевтски техничар" во СОУ "Ѓорче Петров", како и профилите"техничар за компјутерско управување" и "техничар за патен сообраќај" во СОУ "Ристе Ристески-Ричко" . Просекот на оцените односно успехот за основните училишта на ниво на општина изнесува 3,95(на ниво од претходната учебна година) додека кај средните училишта тој просек е нешто послаб и изнесува 3,28 што е исто така на исто ниво со претходната учебна година. Вкупниот број на вработени во училиштата на територијата на нашата општина изнесува 966(603во основно образование и 363 во средно образование), во оваа бројка спаѓаат наставниците, стручните соработници, техничката служба и помошниот персонал вработени на неопределено и определено време.

И во 2010година Општина Прилеп беше активно вклучена во сите активности поврзани со училиштата а кои активности се во рамките на ингеренциите на самата општина. Се инвестираше во повеќе училишта според согледаната состојба и утврдените приоритети а во соработка со МОН и други донатори како и училиштата од

Нашата Општина. Главен проект кој се реализира во минатата година е проектот за целосно реновирање на ООУ"Гоце Делчев"во вредност од преку 400 000 американски долари, средства кои се донација од Кинеската Влада а во соработка со Владата на РМ ,МОН како и средства од ЕЛС Прилеп, при тоа се изврши целосна промена на надворешната и внатрешната столарија, целосна промена на подовите, комплетна санација, на таваните и ѕидовите во училиниците,ходниците,внатрешните скали,делумна санација на фасадата и кровната конструкција како и поставување на нова громобранска инсталација. Исто до училиштето беа доставени и 600 клупи со различна големина и 1200 столчиња како и 30 модерни училишни табли. Во СОУ Ристе Ристески-Ричко со 3 400 000,00денари(средства од МОН и ЕЛС Прилеп) се поставија нови парни котли каде цврстото гориво за парното се замени со течно. Во СОУ " Ѓорче Петров " после педесетина години од неговото постоење се постави ново централно греење со средства во вредност од 4 300 000 денари ( МОН и ЕЛС Прилеп ). ООУ „Добре Јованоски" - целосна санација на таваните, ѕидовите и подовите од првиот и вториот спрат, како и санација на скалишниот простор со средства од невладината организација ЦОСВИ ( 900 000 денари ) и 1 300 000 денари од ЕЛС Прилеп. Во ООУ „Кире Гаврилоски-Јане" беше, од страна на ЈКП Комуналец, уреден дворот зад училиштето и претворен во училиници на отворено,со средства во висина од околу 1 000 000 денари. Овој проект се реализира согласно проектот кој го организираше ЛС во соработка со училиштата и ЈКП Комуналец – „Избираме најубав училишен двор". Во ООУ „Рампо Левката" се изврши комплетна санација на спортската сала, каде една просторија во непосредна близина на салата се опреми со направи за фитнес. Исто така се изврши целосна санација на соблекувалните и санитарните јазли во соблекувалните на спортската сала. Средствата се обезбедени од ЕЛС Прилеп во висина од повеќе 2 000 000 денари. Во ООУ „Блаже Конески" се продолжи со партерно уредување на паркот и училишниот двор. Исто така благодарение на соработката со УСАИД се опреми модерна роботека за наставата по техничко образование, и се изврши промена на надворешната столарија на дел од училниците во подрачното училиште во населбата Варош ( средства од Општина Прилеп ). Се променија подовите во централното училиште на ООУ „Круме Волнароски" во с. Тополчани. Средствата се обезбедени од ЛС во висина од околу 1 000 000 денари. Не беше заборавено ни ООМУ „Ордан Михајлоски-Оцка" каде со средства од околку 620 000 денари се изврши препокривање на новиот дел од училиштето како и внатрешна санација на таваните, преградните ѕидови и подовите исто така во доградениот нов дел од училиштето.

Во 2010 год. комплетно заврши проектот "компјутер за секој ученик" од Владата на РМ при што се постави и електричната инсталација и компјутери во секое училиште од нашата Општина,при што се инсталираа околу 6000 компјутери заедно со лаптопите за учениците од 1$^{во}$ до 3$^{то}$ одд. Во учебната 2010/2011 год. продолжи да се реализира проектот на МОН за доделување на бесплатни учебници за секој ученик при што Локалната Самоуправа беше вклучено во приемот и дистрибуцијата на учебниците како и во подигнување на дел од учебниците од Скопје и нивна дистрибуција до училиштата. Тука да напоменеме дека основните училишта, за разлика од минатата година, беа комплетно опремени со учебници, како и гимназијата. Дел учебници беа доставени и до средните стручни училишта. Согласно законот за задолжително средно

образование се организира и превоз на учениците кои ги исполнуваат условите за користење на превоз односно ова година, бесплатен превоз користат учениците од 1$^{ва}$, 2$^{ра}$ и 3$^{та}$ год. и се работи за бројка од 850 ученици кои патуваат од другите населени места од нашата и соседните општини, како и од блиските градови. Бесплатен превоз е обезбеден и за повеќе од 650 ученици од градот на кои, согласно законот за задолжително средно образование, треба да им се обезбеди превоз до училиштата. Локалната самоуправа со сопствени средства продолжи и да ги реализира проектите за обезбедување на превоз за децата од две поодалечени населби и тоа Сточен Пазар и Жабино Маало до ООУ"Рампо Левката и Климент Охридски" каде бесплатен превоз користат повеќе од 260 ученици како и обезбедување на оброк на децата со посебни потреби кои учат во ОУ"Климент Охридски"(40 деца).

Продолжи реализацијата на проектот за изградба на седум спортски сали при што продолжија градежните работи на спортската сала во СОУ"Ѓорче Петров". При крајот на 2010 год. започна изградбата на нова спортска сала во СОУ „Ристе Ристески-Ричко" согласно програмата на МОН за 145 спортски сали која сала ќе биде модел 2 што подразбира голема сала со трибина. Исто така се продолжи со докомплетирање документацијата за изградба на останатите спортски сали. За 2011година очекуваме да започне изградбата на спортски сали уште во 2 училишта и тоа во СОЕПТУ Кузман Јосифоски-Питу и Добре Јованоски, но сепак е дел кој најмногу зависи од динамиката на МОН.

Во наредниот период поголеми проекти кои треба да се реализираат во училиштата е проектот преку ИПА фондот(400 000евра) во кој се вклучени 7 училишта со 10 објекти, и тука да напоменеме дека реализацијата на овај проект започна со почетокот на второто полугодие од учебната 2010/11 год. и тоа во СОУ Гимназија „Мирче Ацев" а потоа во текот на февруари 2011 год. продолжува во СОУ „Орде Чопела" и до 1ви септември 2011 год. ќе се заврши проектот и во останатите училишта кои се предвидени и тоа СОУ „Ѓорче Петров", ООУ „Рампо Левката", ООУ „Кире Гаврилоски-Јане", ООУ „Страшо Пинџур" и ООУ „Круме Волнароски". Се продолжи со подготовката на документацијата за изградба на ново училиште во нас. 11-ти Октомври, се изработи проект за реновирање на работничкиот унивезитет"Пере Тошев" и сместување на дисперзираните студии по информатика ,тутун и геологија кои дисперзирани студии моментно се одвиваат и тоа по информатика во СОУ „Ристе Ристески Ричко", геологија во СОУ „Орде Чопела" и за тутун во Институтот за Тутун во Прилеп. Исто така за оваа година, во соработка со МОН, е планирана изградба на 3 нови подрачни училишта во селата Галичани, Беровци и Чепигово. Тоа ќе бидат монтажни училишта со површина од околу 90 м$^2$ со 2 училници, канцеларија за наставниците и санитарни јазли. Во минатата година ООУ „Блаже Конески" ( со поддршка од ЕЛС Прилеп ) аплицираше во ПЕП проектот на УСАИД, и во конкуренција од преку 150 училишта се пласира меѓу 8$^{те}$ најдобри училишта и при што се добија средства во висина од 30 000 долари, кои заедно со 10 000 долари од ЛС Прилеп ќе бидат доволни за нова котлара која ќе биди сместена во самото училиште при што ќе се реши долгогодишниот проблем со затоплувањето на ова училиште. Со средства од ЕЛС Прилеп за оваа година се планирани и следните градежни зафати и тоа: СОУ Гимназија Мирче Ацев 5000 000денари за завршување на надворешната столарија, ООУ Климент Охридски 1 700 000денари за целосна санација на втората зграда каде учат децата со посебни потреби, 1700 000денари за нова фасада

на ООУ Добре Јованоски како и санација на централното греење, ООУ Кочо Рацин ново парно греење во подрачното училиште Рид(700 000денари) и со средства од МОН и дел ЕЛС ново парно греење во ООУ Кире Гаврилоски-Јане(5,5милони денари).

Исто така како и предходните години беа реализирани голем број на вонучилишни активности. И традиционално се започна со новогодишните празници каде со свои точки се претставија дел од училиштата, па активностите во март и ноември кога преку 2000 ученици учествуваа во акцијата за "денот на дрвото".Исто така на 21 март денот на екологијата заедно со учениците се изврши пошумување во околината на Прилеп. Со прекрасана изложба на маски и цртежи, училиштата се претставија по повод **карневалот за Прочка**, додека на самиот карневал учествуваа со околу 20[тина] групни маски што претставуваше околу 1/4 од вкупниот број на учесници и при што се освоија и неколку главни награди во различни категории ( ООУ"Климент Охридски"-с.Мажучиште, ООУ „Страшо Пинџур" с. Мало Коњари, ООУ Кирил и Методиј,ООУ Рампо Левката, СОУ Гимназија „Мирче Ацев" и СОУ Ристе Ристески-Ричко ). Сите основни училишта во мај месец се претставија со училишните смотри, во месец мај традиционално матурантите од нашиот град, заедно со матурантите од другите градови учествуваат во манифестацијата на традиционално танцување на класична музика ( Квадрил ). Тековно се врши генерално чистење на училишните дворови во соработка со ЈКП"Комуналец". Тука треба да го нагласиме дека продолжија реализациите на проекти за правата на децата ("Општини по мерка на детето" и др.). Гледано во целост немаше случување во Општината во која учениците од нашите училишта немаа активно учество и едноставно се носители на самите активности и случувања во градот.

Во соработка со училиштата, министерството за образование и наука, невладини и други организации се реализираа огромен број на семинари и обуки од областа на образованието и информатичката технологија. Тука сакаме да напоменеме дека Нашата Општина во рамките на своите можности преку училиштата е вклучна во сите активности поврзани со образованието а во врска со декадата на ромите. Тука би ја споменал реализацијата на проектот за дообразување на деца роми кои од разни причини ги напуштиле училишните клупи и се повозрасни . Овој проект започна да се реализира со невладината организација ИНТЕРСОС од Р.Италија, го продолжи локалната самоуправа а сега продолжуваме преку соработка со исто така невладината организација од Р.Италија-ЦОСВИ , преку кој проект до четврто одделение имаат оформено образование околу 100 ученици, и понатаму продолжуваме со работа со уште 40 деца.

Во изминатата година наставата во училиштата се изведуваше без некои поголеми проблеми, односно текот на наставниот процес се одвиваше согласно наставните програми на наставниците и годишните програми на училиштата, единствен проблем се појави во почетокот на 2010 год. кога многу држави како и РМ беше зафатен од грипот Х1Н1, па се забележа поголемо отсуство на ученици од училиштата. Согласно законот за средно и основно образование продолжи да се одвива процесот на самоевалуација(на две години) од страна на училиштата како и интегралната евалуација од страна на Државниот просветен инспекторат која се одвива на три години Училиштата учествуваа на голем број регионални, државни и меѓународни натпревари од каде се вратија со голем број на награди(второ место на

балканијада по математика-СОУ Гимназија Мирче Ацев, како и натпревар за детска фотографија во Кикинда-Р. Србија. ООУКирил и Методиј)и др.

**И З В Е Ш ТА за работата на ЈОУ Градска библиотека "Борка Талески" - Прилеп за 2008 година**

Вообичаено, како и во претходните години, ЈОУ Градска библиотека "Борка Талески" - Прилеп својата работа и за 2010 година ја темелеше врз трите програмски столба: Годишната програма за работа на Библиотеката, Националната програма за култура на Министерството за култура, како и на Програмата за култура на Локалната самоуправа Прилеп.

Реализацијата на зацртаните активности се остваруваше преку постојните сектори и одделенија во матичната библиотека, како и во нејзиниот клон во Варош.

Со оглед на фактот што Библиотеката е локална установа од областа на културата, односно, првенствена задача и е задоволување на културните и информативните потреби на жителите на Општина Прилеп, како и на фактот што подрачната библиотека во Ропотово (кое спаѓа во надлежност нс Општина Долнени) работеше со многу мал број на корисници (Основното училиште во Ропотво располага со богата библиотека), а и месните жители ја побараа просторијата на подрачната библиотека за свои потреби, се одлучи истата да се затвори, а библиотечниот материјал да се повлече во матичната библиотека во Прилеп.

Библиотеката во текот на 2010 година, според наше мислење, успеа на квалитетен и задоволителен начин да ги реализира планираните активности и, следствено на тоа, да ги задоволи културните и образовните потреби на граѓаните на Општина Прилеп, со што недвосмислено придонесе кон квалитативно подобрување на културниот живот на граѓаните на Општина Прилеп.

Во текот на 2010-та година, Библиотеката се средоточи кон следните активности:

1. Комплетирање на книжните фондови
2. Особено внимание кон роднокрајните монографски и библиографски изданија
3. Продолжување стручно усовршување на библиотекарите во COBISS програмата, особено за електронското зајмување на библиотечниот материјал
4. Организирање на поактивна меѓубиблиотечна соработка
5.Обезбедување пристап до сите информациии и до сите кул- турни и уметнички вредности што ги нуди Библиотеката
6. Стимулирање на креативноста кај младите преку органи - зирање на разновидни културни манифестации
7. Стимулирање на личниот креативен ангажман и развој кај вработените
8. Имплементација на современите библиотечни новини
9. Заокружување на информатичкиот систем на Библиоте-

ката

10. Докомплетирање на раритетната збирка и заштита на библиотечните добра со изработка на посебен елаборат
11. Интензивирање на соработката со авторите, невладините организации и странските културни центри и амбасади
12. Организирање средби со роднокрајните автори
13. Поактивна соработка меѓу училиштата и Библиотеката преку организирање на литературни читања, натпревари и организирање на средби со писатели за деца и млади
14. Поголема активност кон информирањето на граѓаните за се она што Библиотеката им го нуди и го организира во текот на годината

## Извештај за дејноста на Библиотеката во 2010 година според Програмата за работа

### 1. ПРОГРАМА

**Комплетирање на книжните фондови**

Во 2010 година фондовите во библиотеката и во подрачната библиотека во Варош се докомплетираа со нови 7934 библиотечни единици (монографски публикации, свески, периодични публикации, весници).

**1.1 Купување**

Купувањето на нови публикации и понатаму останува основен начин на докомплетирање на фондовите на Библиотеката, извршен од трочлена комисија библиотекари, како и од директорот на библотеката.

Средствата за набавка на литература се обезбедени преку блок дотации од Локалната самоуправа - Прилеп и од сосствени приходи (членарина).

Од ови два извора, набавена е литература од вкупно 6774 публикации од сите видови и жанрови.

**1.2 Подарок**

Како подарок, Библиотеката доби вкупно 1160 публикации, од кои како посебно вредни треба да се истакнат донациите на Министерството за култура на Р. Македонија, НУУБ "Св. Климент Охридски, МАНУ, донациите на роднокрајните автори и др. здруженија и граѓани.

**2. Програма**

**Обработка на библиотечниот материјал. Каталози.**

**2.1 Техничка обработка**

Во Библиотеката автоматизацијата во процесите на техничката обработка на библиотечниот материјал кое овозможува постојан преглед и увид во состојбата на книжните фондови.

**2.2 Стручна и формална обработка на монографските публикации**

Како и претходните години, обработката на публикациите се вршеше според меѓународните стандарди.

Каталогизацијата на монографските публикации се вршеше според Меѓународниот стандард за библиографски опис ISBD - (m), автоматизирано во програмата KOBISS/ каталогизација.

Публикациите кои не беа систематизирани се обработуваа според децималната класификација УДК .

**2.3 Стручна обработка на сериски публикации**

Обработката на сериските публикации се вршеше на класичен начин поради недостаток на стручен кадар.

Од периодичните списанија библиотеката ги добива: "Нова Македонија", "Вечер", "Дневник", "Вест", "Утрински весник", "Време", "Шпиц", "Зенит", "Стремеж", "Фолклор", "Библиотекарство", "Библиотечен тренд", "Културен живот", ", "Службен весник" "Просветно дело", "Екологија", "Здравје" "Деница", "Еден Е", "Форум" и др.

Серските публикации се обработуваат според Меѓународниот стандард за библиографски опис ISBD - (s).

**2.4 Стручна обработка на публикации од посебните збирки**

**а) Роднокрајна збирка**

Роднокрајната збирка е една од највредните збирки во Библиотеката. Таа е составена од публикации од прилепски автори, од туѓи автори чии дела се однесуваат на Прилеп и прилепскиот крај, како и дела објавени на подрачјето на Прилеп.

Освен монографските публикации, во Библиотеката се собира и дробен печат, магистерски и докторски трудови, ракописи и книжевна заоставштина од роднокрајни автори.

Роднокрајната збирка располага со 2692 библиотечни единици, што значи дека во споредба со претходната година, таа е збогатена за нови 91 единици.

**б) Збирка на редок специфичен материјал**

Збирката се проучува според новиот Меѓународен стандард ISBD - (A) за каталошка обработка за стари и ретки книги.

Збирката содржи вкупно 670 библиотечни единици.

**в) Збирка на референтна литература**

Во референтната збирка се обработени сите енциклопедиски изданија, албуми, речници, лексикони и прирачници. Збирката е составена од 902 библиотечни единици.

**г) Збирка на странска литература**

Една од најбогатите е збирката на странска литература. Бројот на библиотечните единици во оваа збирка перманентно се зголемува и моментално изнесува 2583 примероци.

**д) Подрачни библиотеки**

Во овој момент Библиотеката располага со една подрачна библиотека во Варош. До неодамна функционираше и подрачната библиотека во Тополчани. Се прават обиди оваа библиотека повторно да се стави во функција.

Фондовите се комлетираат со купување на книги и донации. За читателите на библиотеката во Варош беше обезбеден и дневен печат.

Во подрачната библиотека во Варош во 2010 год. се набавени вкупно 240 библиотечни единици. Библиотеката располага со 100 читатели.

**2.5 Каталози**

Во Библиотеката постојат и се употребуваат следните каталози:

**Оддел за возрасни**:
- Азбучен каталог по автори
- УДК каталог
- Сигнатурен каталог

**Деттски оддел**:
- Абучен каталог по наслови
- Сигнатурен каталог

**Роднокраен оддел**:
- Азбучен каталог по автори
- Сигнатурен каталог

**Странски оддел:**
- Сигнатурен каталог

**Оддел сериски публикации:**
- Азбучен каталог по наслови на списанија

**3. Програма**

**3.1 Чување и користење на книжните фондови**

Во Библиотеката општиот книжен фонд е сместен во магацински простор што генерално не ги задоволува предвидените стандарди за чување на книги, поради големите температурни разлики ( во лето многу жешко, во зима многу студено).

Во детскиот оддел ситуацијата е квалитетно поинаква. Во тој оддел книгите се чуваат во стандардни просторни и температурни услови, а и фондот е на увид на младите корисници.

**3.2 Корисници и користење**

ЈОУ Градска библиотека Борка Талески - Прилеп е една од поретките библиотеки во македонија во која членовите и другите корисници на услугите имаат мошне добри услови за престој и интелектуална работа во нејзините простории.

Преку користењето на електронската читална (интернетот), дневните и периодичните весници и списанија, тие се во можност да добијат сеопфатни услуги и информации.

Стручните служби во Библиотеката имаат изработено различни каталози и упатства кои им го олеснуваат пристапот на читателите до потребната литература. Ним им се нудат информации во две смени од најразличен тип и карактер, поврзани со книгите, а им се пребарува и во ОРАС системот во базите на податоци на другите библиотеки, како и на сопствената база.

Структурата на членството:

**Детски оддел:**
- Ученици од претшколска возраст

- Ученици од основните училишта во Општината

Редовни членови - вкупно: 1701

**Оддел за возрасни:**

- Ученици
- Студенти
- Работници
- Невработени
- Пензионери
- Домаќинки
- Научни работници

Редовни членови - вкупно 1770

**3.3. Електронска читална**

Електронската читална во Библиотеката ја сочинуваат 6 компјутери со целодневен интернет пристап. На тој начин, Библиотеката се трансформира во современ информатички центар.

Библиотеката е членка на МЕБ. Таа користи две ADSL линии, со сопствена веб страница (WWW.biblioprilep.org.mk)

**4. Програма**

**4.1 Монографии, библиографии, списанија**

Во текот на 2010 год. од печат излегоа следните сопствени изданија на библиотеката:

- **Водич низ ЈОУ Градска библиотека Борка Талески** -Прилеп од д-р Наде Караџоска.

Се работи за мошне квалитетна и интересна публикација во која на едно место, преку еден популарен и сублимиран начин, низ текст и фотографии е прикажан развојниот пат на библиотеката од читалиште до современа и модерна културна и образовна установа.

- **Поетско Маркукуле 2010**

Зборник од поетски творби прочитани на оваа поетска манифестација;

- **Каталог 65/15** - посветен на изложбата на 15 млади ликовни уметници кои учествуваа на поетската манифестација **Поетско Маркукуле 2010**, како и за време на промоцијата на биобиблиографијата за Борко Лазески.

- **Живко Козар - 50 години политичка карикатура**

Монографија посветена на доајенот на политичката карикатура во Македонија, Живко Козар.

- **Прилепчани, 19 век** - енциклопедиски речник за најпознатите прилепчани од 19 век, од м-р Славчо Ковилоски;

Предвидената монографија **Манастирските библиотеки во Прилеп и прилепско** од вишиот библиотекар Магда Василеска и група автори е подготвена за печат и се очекува во најскоро време да биде промовирана.

**5. Програма**

**Културни манифестации и популаризација на книгата**

02.03.2010г.

Чествување на Патрониот празник на Библиотеката

23.03.2010г

Изложба **Дарвин сега**

08.04.2010г.

Промоција на книгата од Д-р Наде Караџоска биобиблиографијата **Борко Лазески**

27.04.2010г.

Изложба и вечер посветени на **200 годишнината од раѓањето на големиот компоитор Фредерик Шопен**, во организација на Библиотеката, ЕСРА и Ротари клуб - Прилеп;

04.05.2010г.

Промоција на книгата **Мариово - култура, историја**, **преданија и легенди** од Тренчо Димитриоски

13.05.2010г.

Промоција на стихозбирката за деца **Миженка – криенка** од Мирјана Славеска

19.05.2010г.

Промоција на поетската книга **Не тагувај таго** од Асен Стаменов

18.06.2010г.

Предавање со видео презентација – **аристократските гробници** од македонски тип во Пелагонија – предавач Тренчо Димитриоски

13.08.2010г.

**Поетско Маркукуле**

30.06.2010г.

Промоција на книгата **Големината на Македонскиот народ од земјата до небото** од Божидар Кирјанов

23.09.2010г.

Промоција на поетската книга **Ѕвекот на ѕевгарите** од Никола Јовановски

09.10.2010г.

Промоција на книгата **Родот Башески од Варош** од Драги Башески

14.10.2010г.

**Ден посветен на животот и делото на д-р Љубен Лапе**

15.10.2010г.

Промоција на книгата **Живко Козар – 50 години политичка карикатура**

20 – 22.10.2010г.

**65 години ЈОУ Градска библиотека Борка Талески - Прилеп**

21.10. – **изложба на 15 прилепски уметници**

22.10. – **Прилепчани 19 век** промоција на книгата од Славчо Ковилоски

28.10.2010г.

Промоција на биобиблиографијата **Борко Лазески** од д-р Наде Караџоска во НУБ **Св. Климент Охридски** – Скопје

12.11.2010г.

Републички натпревар **Млади библиотекари**

18.11.2010г.

Промоција на книгата **Светската касапница во Македонија** од д-р Веле Алексоски

10.12.2010г.

Промоција на книгата **Зборовите се заборавaат, напишаното** останува од **Тодор Алексоски**

16.12.2010г.

Промоција на книгата **Разговарав со нив** од Војо Маневски

**6. Програма**

**6.1 Матична дејност**

Редовни активности на стручната служба и продолжување на соработката со сите библиотеки во Општина Прилеп.

**6.2 Обука на библиотекарите**

Продолжи обука на библиотекарите со учество на разни семинари и предавања во Државата и надвор од неа.

**7. Програма**

**7.1 Пропаганда**

Во интерес на доближување на книгата до читателот, Библиотеката одржува редовни и квалитетни односи со средствата за јавно информирање. Нејзините активности се следат и за нив се информира јавноста. Библиотеката при одржувањето на која било културна манифестација изработува пригоден промотивен материјал. (Покани, плакати)

**8. Програма**

**8.1 Административни, сметководствени и благајнички ра - боти**

Сметководствено - административните работи се одвиваат редовно. Вработените своите знаења и вештини ги надополнуваат со вообичаените посети на семинари, советувања и сл.

**8.2 Заштита и репрографија**

Извршена е интервенција врз повеќе од 4.500 книги во текот на годината. Се врши редовно вкоричување на весниците "Нова Македонија", "Дневник", "Службен весник" и "Зенит".

**9. Програма**

**9.1 Меѓубиблиотечна соработка**

Библиотеката соработува со сите библиотеки во Р. Македонија, но особено плодна соработка и понатаму остварува со НУУБ "Св. Климент Охридски" – Скопје, Националната библиотека во Штип, како и со НУ МУБ "Св. Климент Охридски" од Битола, а и со училишните библиотеки на подрачјето на Општина Прилеп.

**10. Програма**

**10.2 Инвестиционо и техничко одржување и набавка на опре- ма**

- Полици во одделот за странска литература
- Алуминиумска дограма – три врати и поставување на стакло во влезот на библиотеката
- Поставување на светлечка фирма на влезот од библиотеката
- Реновирање на тоалетот со поставување на нови подни плочки и промена на славините

- Набавка на осум нови бироа, шест столици и четири фотелји и една масичка за потребите на вработените
- Претапацирање на 106 столчиња од големата читална и три фотелји
- Набавка на четири клима уреди за големата читална
- Набавка на плазма телевизор, ДВД, уште еден видеопроектор и музички систем за потребите на одделот за деца
- Набавка и инсталирање на видео надзор со три камери

## ИЗВЕШТАЈ за реализираните активности од областа на културата во организација на Општина Прилеп

Во 2010 година се одржаа повеќе настани од областа на културата предвидени во годишната програма на Општина Прилеп, со што се даде голем придонес на збогатувањето на културниот живот во градот. Одделението за култура со годишен буџет од 6.500 000 денари се грижи за институционална и финансиска подршка на културните установи и проекти од значење за Општината од областа на културата, музејското и библиотечното работење, галерии, културно наследство, фолклорот и обичаите, старите занаети и други културни вредности.

Од богатата реализирана програма за негување на културното  наследство и традицијата ги издвојуваме следните настани:

Меѓународниот Карневал Прочка, настан од исклучително значење на Прилеп, кој го стави градот на светската карта на посакувани дестинации и карневалски градови. Прилеп во 2012 ќе биде домаќин на светската конвенција на FECC. За овај настан се потрошија 1.300.000,00 денари, средства од општина Прилеп, вклучувајќи бина, озвучување, сместување и храна за учесниците, кои беа околу 200 гости од соседните држави со групни маски и 200 гости од другите карневалски градови во Македонија, како и средства за културно-уметничка програма и реклама. Карневалот Прочка беше поддржан од Министерство за култура со 50.000,00 денари.

Денови на Крале Марко е настан кој е културно обележје на град Прилеп и се случува секоја година во периодот од 15-17 мај, со што се одбележува годишнината од смртта на легендарниот крал Марко. Оваа 2010 година се одбележа со промоција на книга за Кралли Марко, историски и ликовен час на терен со учениците од училиштето Блаже Конески и концерт учениците од на Илија Николовски Луј-Скопје. За потребите на овај настан се потрошија минимални средства, околу 10.000,00 денари.

Фестивалот на народни инструменти Пеце Атанасоски – Долнени е поддржан од Министерство за култура, а општина Прилеп учествуваше со тоа што обезбеди сместување за дел од учесниците на Фестивалот во Интернатот „Орде Чопела“.

Театарски фестивал „Војдан Чернодрински„ во Центарот за култура „Марко Цепенков„, подржан е од Министерството за култура како фестивал од национално значење, додека општина Прилеп годинава земајќи ја во обзир финансиската криза, ја одложи финансиската поддршка за понатаму.Во рамките на фестивалот пред прилепската публика се претставија повеќе театри со врвни остварувања.

Поетско Маркукуле, гостување на Струшките вечери на поезијата, во подножјето на Марковите кули – Тронот е манифестација од културата која е во организација на Библиотеката, додека општина Прилеп ја поддржува манифестацијата со озвучување на настанот.

Културно лето: организирање на концерти, театри и летно кино, годинава беше поддржано од Министерство за култура врз основа на поднесен проект од страна на одделениeто за култура со средства во во висина од 60.000,00 ден. Настанот се реализира на Паркот на Револуцијата со одржување на концерти на повеќе македонски рок групи и лено кино.

Прилепска ликовна колонија, месец август. Најстарата Ликовна колонија во Македонија од меѓународен карактер поддржана од општина Прилеп со средства во висина од 50.000,00 денари.

11 Октомври, национален празник одбележан со концерти на прилепски групи и концерт на Мизар, огномет, како и посета на споменици и положување на цвеќе на спомен обележјата. За одбележување на овај настан се трошат околу 250.000,00 денари.

Одбележувањето на 3. Ноември – Ден на ослободувањето на Прилеп беше проследено со свечена седница во Центарот за култура Марко Цепенков, каде во културно уметничкиот дел настапија Crossroad Blues Band, како и наградената Блага Петреска.

Во чест на Св. Никола – Патрониот празник на градот оваа година локалната самоуправа го поддржа домаќинот Џорџ Атанасоски и хотелот Сонце Га со свое озвучување и печатење на рекламниот материјал.

Нова Година граѓаните на Прилеп по примерот на големите градови ја чекаат на плоштад, а локалната самоуправа се погрижи тие да имаат добра забава и многу музика. На отворена бина во центарот на градот настапија дуетот Селимова – Желчески, Вера Јанковиќ и Владо Јаневски. Во денската програма настапија прилепски бедови и Ѕвездички, како и Влатко Илиевски. Донаторите и бизнис секторот се финансиски учесници во организирањето на Дочекот на Нова Година, а општина Прилеп ја обезбедува бината и озвучувањето, украсувањето на градот, како и дел од програмата. Дочекот беше збогатен со огномет. За овај настан општина Прилеп троши 1.000.000,00 денари.

Покрај овие наведени настани, локалната самоуправа на Општина Прилеп подржува и други фестивали и манифестации кои се од значење за општината, концерти на градскиот дувачки оркестар, концерти на КУД, концерти на класична музика, а го помага и издаваштвото и промоциите на книги. Во изминатата 2010 се организираа повеќе изложби во галеријата и во изложбеноt салон при Центарот за култура „Марко Цепенков„,а се промовираа и книги од повеќе прилепски автори.

## Јавна општинска установа за деца –Детска градинка "Наша иднина" Прилеп

ЈОУДГ "НаШа иднина"- Прилеп содржините ги реализира врз основа на анализите врз согледувањата на програмските документи, во кои се вградени покрај стручно –

научните сознанија за интелектуални потенцијали и потреби на децата од 8 месеци до 5 години и 8 - месечна возраст;

Активностите се реализираат врз :

- Програмата за воспитно – образовна дејност;
- Законот за заштита на децата;

## Функционалната дејност – ЈОУДГ "Наша иднина"Прилеп

Реализација на истата условува постоење на здрав, сигурен и пријатен престој (внатрешен и надворешен), флексибилен и стимулативен простор.

Функционалната дејност се обавува во 4 – Објекти кои се наменски и тоа : "Гоце Делчев", "Мирче Ацев", "Тризла", "Бончејца" во кои се згрижени во просек над 650 деца, со што се задоволени потребите за потполност на работата спрема нормативите и капацитетните можности на објектите, кој во збир изнесува 660 деца.

Вкупен број на вработени кои се вклучени во дејноста изнесува :

- 98 - на неопределено работно време;

Наменските дотации кои за 2010 година инесуваат 34.000.205,00 се строго наменски користени и тоа:

| | |
|---|---|
| - 401 Основни плати | 15.480.829,00 |
| -401Придонесизасоц.осиг | 5.773.415.00 |
| -421Комунални услуги | 5.749.665.00 |
| -423Материјали за сит, инв | 1.444.338.00 |
| -424Поправка и тек, одрж | 1.221.008.00 |
| -425Договорно услуги | 153.407.00 |
| 426Други тек, расх. | 92.273.00 |
| 427Привремени вработувања | 4.085.269.00 |

За активна реализација на целокупната воспитно – образовна – згрижувачка дејност во која спаѓа целовитоста на организациона поставеност на дејноста од аспект на подмирување на потребите на децата од најмалата возраст за прифаќање во здрава и исполнета средина, организиран простор за мирување и задоволување на основните потреби за исхрана и правилен психо – физички развој на секое дете поединечно (задоволување на неговите индивидуални потреби). Создавање на просторни, хигиенски и материјални услови кои ќе го заменат детскиот дом во кој поголем дел од денот престојуваат.

Трошоците за обезбедување на наведените потреби се подмируваат од сопствените средства и тоа :

- Приходи од децата, месечна партиципација во износ од 1.490,00 денари, под предпоставка дека сите запишани деца континуирано престојуваат без отстапување и намалување на износот.

Во 2010 година сопствени средства по основ приходи

| | | |
|---|---|---|
| - 723 | Приходи од децата | 8.576.405,00 |
| - 723 | Приходи од кирија | 284.840,00 |
| | Други приходи | 317.009.00 |

------------------------- __________________ Вкупно : 9.178.255.00

Другите приходи се искористени во следните расходи :

- 420 Патни и дневни расходи 80.682.00
- 421 Комунални услуги (електрична енергија, вода и канализација, телефон и телефакс, течни горива, гориво и масло) 1.897.271.00
- 423 Материјали 4.330.330.00

Најголем дел од приходните средства се искористени за прехрамбени продукти и тоа над 60% според нормативите укажани од М.Т.С.П. и заводот за исхрана и домаќинство на Р.Македонија и тоа за :

- 423120 Списанија 96.501.50
- 423410 Прехрамбени производи 2.636.905.00
- 423710 Средства за хигиена 446.169.00
- 423110 Канцелариски материјали 112.800,00

Во кои се сублимирани покрај канцелариските материјали за административна работа, набавка на нагледно дидактички материјали, материјали за активности, аудио визуелни помагала, детски списанија и литература, сликовници, стручна литература и други наменски помагала како досија, дневници, евидентни книги итн.

- 423999 Други материјали 461994.50
- 423720 Ситен инвентар алати и др. 575.959.50

Покрај задоволување на потребите од основни средства, за секојдневната непречена работа во 2010 година извршена е набавка на :

- Купени се 50 креветчина80столчина 1 канцелариско биро,2гардеробери 2 надградби4сушари, 1копјутери, ,1 телевизор донација од родителите 10 правосмукалки .

424 Тековно рутинско одржување 952.386.00 - Од кои дел се искористени за одржување на дотраените возила за транспорт и наба 424110 43.884.00 Поправка опрема на 424430 257.186.00
Поправка на машини 424440 515.979.50
Одржување на згради424210 131.450.00
Поправка и одрж, на софт и хард.424420 3.886.00

Молерисани два објекти Бончејца и Гоце Делчев а делумно во Аличаир и Тризла.
Во Бончејца е бетонирана дворната површина зад објектот,редење на плочки во кујна и занимални и во клозетите,прередување на паркет во Бончејца ,редење на плочки на терасите и во кујната,санација на равна кровна површина на занималните.
425 Договорни услуги 834.694,00
Искористени во расходи и тоа :

- За примарна здраствена заштита

Според Законот за здраствена заштита задолжителни се санитарни прегледи на сите вработени - еднаш годишно, а вработените кои се во контакт со припремата и дистрибуирање на исхраната - двапати годишно, како и договорни услуги за превентивна здраствена заштита за ДДД.
Други договорни услуги – расходите паѓаат на трошоците :

- Надоместоците на договорни работници, кои произлегуваат од специфичноста на дејноста (згрижување на најмалата популација) при неопходни потреби за замена на оправдано одсутен работник , зголемен обем на работа кој ги надминува нормативите по бројност за воспитно – образовно– згрижувачка дејност.

Тука се искалкулирани и правните услуги околу неподмирување на трошоците за партиципација на децата како и Осигурување на Објектите од неповолни хаварии.

426 Други тековни расходи 242.958.00

Останатите оперативни расходи се користени по потреба за оперативни трансвери во работата.

-Нашите побарувања од деца – родители се во износ од 2.861.351.50 денари а обврските спрема добавувачите се во износ од 528.504.00 денари и истите се измирени во месец 01 2011 година.

И кога ќе се споредат:

Приходи 9.178.255.00
Расходи 8.338.321.00
--------------------------------
Салдо 839.934.00
Данок - 6.434.00

833.500.00

Добивка која се пренесува во наредната година и се користи строго наменски

# ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА „КИРО КРСТЕСКИ ПЛАТНИК"

Домот за стари лица " Киро Крстески-Платник" Прилеп, е јавна општинска установа од областа на социјалната заштита, со основна дејност обезбедување на сместување, исхрана, помош и нега, здравствена заштита, културно забавни активности, работно-рекреативни активности, услуги од социјални потреби и други услуги на старите лица, зависно од потребите, психофизичките способности и барањата на корисниците.

Покрај основната дејност Домот во текот на годината, обезбедува прифаќање и времено сместување на возрасни лица, кои заради разни околности се нашле надвор од местото на живеење, без средства за живот или се без постојано сместување, се до нивното враќање во сопственото семејство или сместување во друга установа за социјална заштита.

Вкупната површина со која располага Домот е 10.688м2 од кои 4.038м2 под објект и 6.650м2 дворно место и економија.

Капацитетот на Домот е 147 легла (од кои 50 легла во новиот дел) и 97 во другиот дел кој е целосно исполнет со корисници од повеќе општини во Македонија.Моментално во Домот има сместено 135 корисници од 20 општини во Македонија.

Вкупниот број на вработени е 34, од кои 23 примаат плата од Буџетот на РМ,а останатите 11 вработени од сметката на самофинансирачки активности.

Финансирањето на Домот се врши преку наменски дотации и самофинансирачки активности.

Блок дотации за 2010 година изнесуваат **19.790.526,00** денари кои се потрошени за:

**- плати,надоместоци и придонеси од плати .......... 5.920.711,00 ден.**

**- комунални услуги....................................................... 5.577.707,00 ден.**

| | |
|---|---|
| -електрична енергија | 488.646,00 ден. |
| -водовод и канализа | 132.653,00 ден. |
| -ѓубретарина | 222.270,00 ден. |
| -др.ком.услуги | 222.642,00 ден. |
| -затоплување | 3.970.000,00 ден. |
| -пошта | 11.708,00 ден. |
| -телефон и телефакс | 217.306,00 ден. |
| -др.комунукациски усл. | 23.280,00 ден. |
| -горива и масла | 200.000,00 ден. |
| -регис.на моторни возила | 10.522,00 |
| -транспорт на луѓе | 16.500,00 |
| -транспорт на стоки | 62.180,00 |

**- материјали................................................................. 7.000.000,00 ден.**

| | |
|---|---|
| -канцелар.материјали | 58.963,00 ден. |
| -спис.весн.и др.изданија | 138.582,00 ден. |
| -прехрамбени артикли | 4.331.177,50 ден. |
| -лекови | 998.798,00 ден. |
| -средства за хигиена | 1.606.920,00 ден. |
| -ситен инвентар | 19.431,50 ден. |
| -облека за корисници | 104.358,00 ден. |
| -обувки за корисници | 221.100,00 ден. |
| -постелнина | 207.500,00 ден. |
| -резервни делови | 6.960,00 ден. |
| -други материјали | 6.210,00 ден. |

